PHILIPS

# Звучник за забава

Серија **3000**

TAX3206




# Прирачник за корисникот

Регистрирајте го Вашиот производ и добијте поддршка на:
www.philips.com/support

# Содржина


1 Важно 2
Безбедност 2
Информации за FCC 3

2 Вашиот звучник за забава 4
Што има во кутијата 4
Преглед на главната единица 5
Основна репродукција 6

3 Започнете 7
Поврзување напојување 7
Прилагодување бас и високи тонови 8
Полнење на вградената батерија 8

4 Менување на светлосниот ефект 9
Поставете го декоративното светло во вклучено или исклучено 9

5 Емитување аудио преку Bluetooth 9
Поврзете уред 9
Поврзете уред автоматски 9
Поврзете уред рачно 9
Прекинете поврзување за уред 10

6 Емитување аудио преку УСБ 10
Емитување преку УСБ мемориски уред 10
Контрола на емитувањето 11
Прилагодување на јачината на звукот 11
IИнформации за можност за емитување преку УСБ 11
Поддржани MP3-формати 11

7 Емитување аудио преку Line In 11
Слушање надворешен уред 11
Емитување од MP3-плеер 11
Line out 11

8 Пеење преку микрофон 12
Прилагодување на јачината на звукот за микрофонот 12
Прилагодување на ехо 12
Вокално стишување 12
Менувач на гласот 12

9 Влез за гитара 12
Прилагодување на јачината на звукот за гитарата 12

10 Полнење преку УСБ 13
Полнење надворешен уред 13

11 Информации за производот 14
Спецификации 14
Одржување 14

12 Решавање проблеми 15
За Bluetooth-уредот 15

13 Известување 16
Декларација за сообразност 16
Грижа за животната средина 16
Известување за трговски марки 16

# 1 Важно

## Безбедност

### Препознајте ги овие безбедносни симболи




Овој „симбол на молња“ укажува дека изолираниот материјал во единицата може да се предизвика електричен удар. Заради безбедноста на сите во Вашето домаќинство, Ве молиме не отстранувајте ги капаците на производот.
Овој „симбол на извичник“ повикува на внимателност во однос на карактеристиките за кои треба внимателно да ја прочитате приложената литература со цел да спречите проблеми со работењето и одржувањето.
ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: За да го намалите ризикот од оган или електричен удар, овој апарат не треба да биде изложен на дожд или влага, а предмети полни со течности, како што се вазни, не треба да се поставуваат врз апаратот.
ВНИМАНИЕ: За да спречите електричен удар, усогласете го широкиот дел од приклучокот со широкиот отвор на штекерот, па вметнете целосно.

**Предупредување**

- Никогаш не отстранувајте го куќиштето на овој уред.
- Никогаш не подмачкувајте кој било дел од овој уред.
- Никогаш не ставајте го овој уред врз друга електрична опрема.
- Држете го овој уред подалеку од директна сончева светлина, отворен пламен или топлина.
- Никогаш не гледајте во ласерскиот зрак внатре во овој уред.
- Осигурете дека во секое време имате лесен пристап до кабелот за напојување, приклучокот или адаптерот, за да може да го исклучите уредот од напојувањето.

- Не користете го овој апарат близу вода.
- Инсталирајте во согласност со упатствата од производителот.
- Не поставувајте во близина на какви било извори на топлина, како што се радијатори, греалки, фурни и други апарати (вклучително и засилувачи) кои произведуваат топлина.
- Спречете кабелот за напојување да не биде нагазнат или приклештен, особено кај приклучоците, секојдневните штекери и во точките каде тие излегуваат од апаратот.
- Користете само додатоци/прибор коишто се наведени од производителот.
- Користете единствено со количката, стативот, триподот, држачот или масата наведени од производителот или продадени заедно со апаратот.
- Кога се користи количка, бидете внимателни кога ја движите количката/апаратот за да избегнете повреда од сопнување.



- Исклучете го од напојување овој апарат при бури со грмотевици или кога не се користи за подолг временски период.
- Проследете ги сите нешта околу сервисирањето, на квалификувани сервисни работници. Сервисирање е потребно кога апаратот е оштетен на каков било начин, како што е оштетување на кабелот или на приклучокот за напојување, има навлезено течност во апаратот или некои предмети паднале врз него, апаратот бил изложен на дожд или влага, не работи нормално или бил испуштен.
- Внимание за користењето на батеријата — за да спречите протекување на батеријата што може да резултира во телесна повреда, имотна штета или оштетување на далечинскиот управувач:
  - Правилно поставете ја батеријата, + и - како што се означени на далечинскиот управувач.
  - Не мешајте ги батериите (стара со нова или јаглеродна со алкална, итн.).
  - Отстранете ја батеријата кога далечинскиот управувач нема да се користи за подолго време.
- Батеријата не треба да се изложува на прекумерна топлина, како што е сончева светлина, пожар или слично.
- Апаратот не смее да биде изложен на капење или прскање од течност.
- Не поставувајте никакви извори на опасност врз апаратот (на пример, предмети полни со течност, запалени свеќи).
- Кога како уред за исклучување се користи главен прекинувач или спојка за уред, уредот за исклучување мора да биде лесно достапен.

## Внимание

- Употребата на контроли или прилагодувања или изведување постапки освен оние наведени овде може да резултира во опасна изложеност на ласер или друго небезбедно работење.

# Безбедност на слухот



### Слушајте со умерена јачина на звукот

- Користењето слушалки со висока јачина на звукот може да го оштети Вашиот слух. Овој производ може да произведува звуци во опсези на нивоа на децибели што може да предизвикаат загуба на слухот кај нормални лица, дури и при изложеност од помалку од една минута. Опсезите за повисоки нивоа на децибели се понудени за оние лица кај кои можеби веќе постои одредено нарушување на слухот.
- Звукот може да измами. Со тек на времето, Вашиот „удобен степен" на слушање се прилагодува кон повисока јачина на звук. Така што по продолжено слушање, она што Ви звучи „нормално" може всушност да биде гласно и штетно за Вашиот слух. За да се заштитите од ова, поставете ја јачината на звукот на безбедно ниво пред да се адаптира Вашето слушање и нека биде на таа јачина.

### За да поставите безбедно ниво на јачината на звукот

- Поставете ја јачината на звукот на ниска поставка.
- Бавно зголемувајте ја јачината на звукот, сè додека може да слушате удобно, јасно и без дисторзија.

### Слушајте за разумен временски период

- Продолжена изложеност на звук, дури и при нормално безбедни степени, исто така може да предизвика нарушување на слухот.
- Осигурете дека разумно ја користите Вашата опрема и правете паузи.

### Осигурете се дека ги почитувате следниве насоки кога ги користите Вашите слушалки

- Слушајте со разумно ниво на јачина на звукот, во текот на разумни временски периоди.
- Бидете внимателни да не го зголемувате нивото на јачината на звукот додека слушањето Ви се адаптира.
- Не зголемувајте ја јачината на звукот толку многу, што нема да можете да чуете што се случува околу Вас.
- Треба да бидете внимателни или привремено да прекинете со користење во потенцијално опасни ситуации.

## Белешка

- Плочката за тип е лоцирана на задниот дел од единицата.

# Информации за FCC

БЕЛЕШКА: оваа опрема е тестирана и е усогласена со ограничувањата за дигитален уред од Класа Б, во согласност со Дел 15 од Правилата на FCC. Овие ограничувања се дизајнирани да обезбедат разумна заштита од штетни пречки во станбена инсталација. Оваа опрема генерира, користи и може да емитува енергија со радиофреквенција и, доколку не е поставена и не се користи во согласност со упатствата, може да предизвика штетни пречки во радиокомуникациите. Сепак, нема гаранција дека нема да настанат пречки при специфична инсталација. Доколку оваа опрема навистина предизвикува штетни пречки во приемот на радио или телевизиски сигнали, што може да се утврди преку исклучување, па вклучување на опремата, корисникот се охрабрува да се обиде да ја исправи пречката преку една или повеќе од следниве мерки:

- Пренасочете или преместете ја антената за примање.
- Зголемете го растојанието помеѓу опремата и приемникот.
- Поврзете ја опремата со штекер на различно струјно коло од онаа на кое е поврзан приемникот.
- Консултирајте се со продавач или со искусен радио/телевизиски техничар, за помош.

Овој уред е во сообразност со Дел 15 од Правилата на FCC. Работењето е подложно на следниве два услова: (1) овој уред не може да предизвикува штетни пречки, и (2) овој уред мора да ги прифати сите добиени пречки, вклучително и пречки што може да предизвикаат непосакувано работење.

## IC-Канада: CAN ICES-3(B)/NMB-3(B)

Овој уред содржи предавател(и)/приемник(и) изземен(и) од лиценца, што се во согласност со Спецификациите за радио стандарди (RSS) на Канада изземени од лиценца за Иновација, наука и економски развој. Работењето е подложно на следниве два услова:
1. Овој уред не може да предизвика пречки.
2. Овој уред мора да ги прифати сите пречки, вклучително и пречки што може да предизвикаат непосакувано работење на уредот.

# 2 Вашиот звучник за забава

Честитки за купувањето и добредојдовте во Philips! За целосно да ја искористите поддршката што ја нудат Philips, регистрирајте го Вашиот производ на ww.philips.com/support.

## Што има во кутијата

Проверете и идентификувајте ги содржините на пакетот:

- Главна единица
- Кабел за AC-напојување
- Краток водич
- Безбедносен лист
- Гарантна картичка

# Преглед на главната единица

## Горен панел:




1. USB play (Емитување преку УСБ)
2. Guitar in (Влез за гитара)
3. Mic in (Влез за микрофон)
4. Guitar vol (Јачина на звук за гитара)
5. Mic vol (Јачина на звук за микрофон)
6. Echo (Ехо)
7. Vocal fader (Вокално стишување)
8. Јачина на звук +
9. Mute (Без глас)
10. Претходно
11. Во мирување (црвен индикатор)
12. Јачина на звук -
13. Индикатор за ниво на батерија
14. Пушти/паузирај
15. Bluetooth (син индикатор)
16. Следно
17. Light (Светло)
18. Voice changer (Менувач на гласот)
19. Bass (Бас)
20. Treble (Високи тонови)
21. Line out (Излезна линија)
22. Line in (Влезна линија)

# Преглед на главната единица

## Заден панел:




1. Рачка
2. Приклучница за
   AC-напојување

# Основна репродукција



- Притиснете и држете 3 секунди за да ја вклучите/исклучите единицата.
- Притиснете за да го проверите нивото на батеријата додека уредот е вклучен.




- Притиснете еднополудруго за да префрлувате помеѓу вклучено или исключено вокално стишување.




- Свртете го копчето **Bass** за да го прилагодите степенот за бас.




- Вртете го копчето **Treble** за да го прилагодите степенот за високите тонови.




- Притиснете еднополудруго за да префрлувате меѓу гласовните тонови: глас1/глас2/глас3/глас 4/исклучен глас.




- Притиснете еднополудруго за да го менувате режимот на светлото за звучникот.
  Притиснете и задржете за да го вклучите/исклучите трепкавото светло.



- Притиснете за одење во следната нумера.



- Притиснете за одење во претходната нумера.



- Притиснете за да ја зголемите јачината на звукот.



- Притиснете за да ја намалите јачината на звукот.



- Притиснете за да влезете во режим на Bluetooth.
  Притиснете и задржете за да го прекинете поврзувањето преку Bluetooth.



- Притиснете за привремено паузирање на репродукцијата; притиснете повторно за да продолжи репродукцијата.




- Вклучете или исклучете го безгласниот режим.




- Свртете за прилагодување на јачината на звукот за микрофонот.




- Свртете за прилагодување на ехото за микрофонот.




- Вметнете УСБ меморијски уред за репродукција на аудио.




- Свртете го копчето **Guitar vol** за гитара за да ја прилагодите јачината на звукот за гитарата (ако е поврзана).




- Влез за микрофон.




- Влез за гитара.




- Поврзете надворешен уред преку приклучокот **Line in** за емитување на аудио.




- Излез на аудио кон надворешен уред преку приклучокот **Line out**.

# 3 Започнете

## Внимание

- Употребата на контроли или прилагодувања или изведување постапки освен оние наведени овде може да резултира во опасна изложеност на ласер или друго небезбедно работење.

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје според нивниот редослед.
Доколку ги контактирате Philips, ќе бидете прашани за бројот на моделот и серискиот број на овој апарат. Бројот на моделот и серискиот број се наоѓаат на задниот дел од апаратот. Впишете ги броевите овде:

Бр. на модел ______________________

Сериски бр. ______________________

# Поврзување напојување

## Внимание

- Ризик од оштетување на производот! Осигурете дека напонот на снабдувањето со напојување одговара со напонот отпечатен на задниот или долниот дел од производот.
- Ризик од електричен удар! Кога го влечете кабелот за напојување, секогаш влечете го приклучокот од штекерот. Никогаш не влечете го кабелот.

## Белешка

- Пред да поврзувате со AC-напојување, осигурете дека се остварени сите поврзувања.

Поврзете го кабелот за AC-напојување со AC во приклучницата на задниот панел од единицата. Потоа, приклучете го другиот крај од кабелот за AC-напојување со штекер за напојување.



Количеството кабли за напојување и типот на приклучокот зависат од регионот.

# Вклучување

Притиснете ⏻

↳ Притиснете и задржете 3 секунди за да го вклучите/исклучите звучникот за забава.

## Белешка

- При секое вклучување, звучникот за забава секогаш ќе биде во режим на спарување преку Bluetooth.

# Прилагодување бас и високи тонови

Свртете го копчето **Bass** за да го прилагодите степенот за бас. Свртете надесно за зголемување на степенот за бас, а свртете налево за намалување на степенот за бас.
Свртете го копчето **Treble** за да го прилагодите степенот за високите тонови. Свртете надесно за зголемување на степенот, а свртете налево за намалување на степенот.

# Полнење на вградената батерија

- За да ја полните вградената батерија, приклучете го кабелот за AC-напојување. Индикаторите за батеријата ќе трепкаат на различен начин за да укажат на статусот на полнење.

**Белешка:** четирите индикатора на уредот ќе се исклучат по 15 секунди откако батеријата ќе биде целосно наполнета.




- За Ваша удобност, звучникот е дизајниран со карактеристика за паметна проверка на батеријата.
- Притиснете го копчето ⏻ за да се прикаже тековното ниво на батеријата во LED-индикаторите на единицата додека таа е вклучена, а не се полни.

Светнување 4 LED-индикатори со бела боја = прибл. 100% полно
Светнување 3 LED-индикатори со бела боја = прибл. 80% полно
Светнување 2 LED-индикатори со бела боја = прибл. 50% полно
Светнување 1 LED-индикатори со бела боја = прибл. 20% полно
(потребни се индикатори за полнење)

**Белешка:** кога нивото на батеријата е ниско, сите LED-индикатори за батеријата ќе трепкаат истовремено и ќе се слушне звучен сигнал.



# 4 Менување на светлосниот ефект

## Поставете го декоративното светло во вклучено или исклучено

1. При вклучен режим, притиснете го еднополруго копчето **Light** за да префрлувате помеѓу различните режими на светло на звучникот.
2. При вклучен режим, притиснете и задржете го копчето **Light** за 3 секунди за да го вклучите/исклучите трепкавото светло.




# 5 Емитување аудио преку Bluetooth

Овој производ може да емитува музика од Вашиот Bluetooth-уред во системот преку Bluetooth.

## Поврзете уред

### Белешка

- Пред да спарувате уред со овој производ, прочитајте го неговиот прирачник за корисникот за да ја проверите компатибилноста за Bluetooth.
- Производот може да меморира најмногу осум спарени уреди. Деветтиот спарен уред ќе го замени првиот.
- Секаква пречка помеѓу овој производ и Bluetooth-уредот може да го намали работниот опсег. Држете подалеку од кој било друг електронски уред што може да предизвика пречки.
- Работниот опсег помеѓу овој производ и Bluetooth-уред е приближно 10 метри (30 стапки).

## Поврзете уред автоматски

1. Притиснете и задржете го копчето ⏻ за 3 секунди за да го вклучите звучникот за забава. Единицата автоматски влегува во режим на спарување преку Bluetooth и сината позадина на копчето ✱ и синото светло на звучникот трепкаат за да Ве потсетат да се поврзете со Bluetooth-уред.
2. На Вашиот Bluetooth-уред, овозможете Bluetooth и пребарајте за Bluetooth-уреди што може да се спарат.
3. Изберете **[Philips TAX3206]** што е прикажан на Вашиот уред за да го извршите спарувањето. По успешно поврзување, сината позадина на копчето ✱ ќе свети постојано.

## Поврзете уред рачно

1. Кога звучникот за забава е во режим за УСБ или Влезна линија, притиснете го накратко копчето ✱ за да префрлите во извор за Bluetooth и влезете во режим на спарување. Сината позадина на копчето ✱ и синото светло на звучникот трепкаат за да Ве потсетат да се поврзете со Bluetooth-уред.

2. На Вашиот Bluetooth-уред, овозможете Bluetooth и пребарајте за Bluetooth-уреди што може да се спарат.

3. Изберете **[Philips TAX3206]** што е прикажан на Вашиот уред за да го извршите спарувањето. По успешно поврзување, сината позадина на копчето ✱ ќе свети постојано.

## Прекинете поврзување за уред

1 Притиснете и задржете го копчето ✱ на звучникот за забава за 3 секунди за да го прекинете поврзувањето со тековниот уред.

2 Сината позадина на копчето ✱ и синото светло на звучникот трепкаат за да Ве потсетат да се поврзете со Bluetooth-уред.

### Белешка

- Пред да поврзете друг Bluetooth-уред, прво прекинете го поврзувањето со тековниот уред.
- Кога Bluetooth-уредот е надвор од важечкото растојание за Bluetooth, единицата автоматски ќе го прекине поврзувањето со уредот.
- Притиснете и задржете го копчето ✱ на единицата за 8 секунди за да го прекинете поврзувањето со тековниот уред и да ги исчистите информациите за спарување преку Bluetooth.

# 6 Емитување аудио преку УСБ

## Емитување преку УСБ мемориски уред

### Белешка

- Осигурете дека УСБ-уредот содржи аудиосодржини што може да се емитуваат во поддржан формат. Поддржани формати: MP3, WAV, WMA, FLAC. Аудиоформатот FLAC поддржува само 16-битна стапка и 1M-стапка на код.
  Единицата поддржува најмногу 128ГБ за УСБ и формат на датотека FAT16/FAT32/exFAT.
- Ако УСБ-уредот не е препознат и нечитлив или аудиосодржината во УСБ-уредот не може да се емитува, звучникот за забава автоматски ќе префрли во извор од Bluetooth.

1. Притиснете и задржете го копчето ⏻ за 3 секунди за да го вклучите звучникот за забава, по што ќе слушнете звучен сигнал.

2. Вметнете го УСБ-приклучокот на уредот во отворот за УСБ.

3. Сината позадина на копчето ✱ ќе се исклучи и звучникот за забава автоматски ќе префрли во извор од УСБ.

4. Емитувањето на песната започнува автоматски.



### Белешка

- Ако сакате да се префрлите од други извори назад во УСБ, треба повторно да го вметнете УСБ-приклучокот во отворот за УСБ.

## Контрола на емитувањето

Во режим за УСБ, следете ги упатствата подолу за контрола на емитувањето.

| Копче | Дејство |
|---|---|
| ⏮ / ⏭ | Притиснете за одење во претходната или следната нумера. |
| +/- | Зголемете/намалете ја јачината на звукот. |
| ▶⏸ | Притиснете за паузирање или продолжување на емитувањето. |

## Прилагодување јачина на звукот

За време на емитувањето, притиснете го копчето **+/-** на звучникот за забава за зголемување или намалување на јачината на звукот.
Зеленото светло на звучникот ќе се менува соодветно за да укаже на прилагодувањето на јачината на звукот.

## Информации за можност за емитување преку УСБ

Компатибилни УСБ-уреди:
- УСБ-флеш меморија (USB 2.0)
- УСБ-флеш плеери (USB 2.0)
- Мемориски картички (потребен е дополнителен читач на картички за да работи со овој уред)

Поддржани формати:
- Формат на УСБ или мемориска датотека: FAT16, FAT32, exFAT (големина на сектор: 512 бајти)
- Аудиоформат: MP3, WAV, WMA, FLAC.
- Вгнездување директориуми најмногу до 8 степени
- Поддршка за најмногу 128ГБ УСБ

## Поддржани MP3-формати

- Максимален бр. наслови: 999 (во зависност од должината на називот на датотеките)
- Максимален бр. албуми: 64
- Поддржани фреквенции на одмерување: 32 kHz, 44,1 kHz, 48 kHz
- Поддржани битни стапки: 32-384 (kbps) променливи битни стапки

# 7 Емитување аудио преку Влезна линија

## Слушање надворешен уред

Со овој производ, може да слушате надворешен аудиоуред, како што е MP3-плеер.

## Емитување од MP3-плеер

1. Притиснете и задржете го копчето ⏻ за 3 секунди за да го вклучите звучникот за забава, по што ќе слушнете звучен сигнал.
2. Поврзете ги двата краја на аудиокабелот (не е доставен) со приклучок од 3,5mm со:
   - приклучокот за Влезна линија на производот.
   - приклучокот за слушалки на MP3-плеерот.
3. Сината позадина на копчето ᛒ ќе се исклучи и звучникот за забава автоматски ќе префрли во извор од Влезна линија.
4. Емитувајте аудио на MP3-плеерот (погледнете во неговиот прирачник за корисникот).




### Белешка

- Ако сакате да се префрлите од други извори назад во Влезна линија, треба повторно да го вметнете кабелот за аудиовлез во приклучокот **Line in**.

## Line out

Оваа единица има приклучок за **Line out**. Може да ги емитувате аналогните стерео аудиосигнал кон надворешни уреди, како што е активен звучник. Поврзете аудиокабел (не е доставен) со приклучокот **Line out** на горниот панел од единицата и со приклучокот за излезна линија на надворешниот уред, па единицата автоматски ќе го насочува аудиото кон надворешниот уред.

# 8 Пеење преку микрофон

## Прилагодување на јачината на звукот за микрофонот

Поврзете микрофон (не е доставен) во приклучокот **Mic in** на единицата, па прилагодете ја јачината на звукот за микрофонот преку вртење на копчето **Mic vol**. Сега може да уживате во пеење караоке!

## Прилагодување на ехо

Прилагодете го степенот за ехо на микрофонот во посакуваниот степен преку вртење на копчето **Echo** во горниот панел.

## Вокално стишување

Притиснете го копчето **Vocal fader** во горниот панел за да префрлувате помеѓу вклучено вокално стишување и исклучено вокално стишување.

## Менувач на гласот

Притиснете го копчето **Voice changer** гласот во панелот за да префрлувате меѓу различните гласовни тонови: глас1/глас2/глас3/глас4 исклучен глас.

# 9 Влез за гитара

## Прилагодување на јачината на звукот за гитара

Може да поврзете гитара со овој звучник за забава директно преку приклучокот **Guitar in** во горниот панел.

1 Користете приклучок за гитара од 6,3mm (1/4") (не е доставен) за да поврзете гитара со приклучокот **Guitar in.**

2 Јачината на звукот за поврзаната гитара може да се контролира преку копчето **Guitar vol** во горниот панел.



# 10 Полнење преку УСБ

## Полнење надворешен уред

Со овој звучник за забава, може да полните надворешни уреди, како што е мобилен телефон.

1 Поврзете го мобилниот телефон со звучникот за забава преку УСБ-кабел (не е доставен).

2.Поврзете го звучникот за забава со напојување.

Штом мобилниот телефон ќе се препознае, полнењето започнува.

### Белешка

- Полнење преку УСБ поддржува само надворешно полнење со 5 V, 1 A. Не поддржува полнење на уреди со поголеми напони за полнење, како што е iPad, итн.



# 11 Информации за производот

## Спецификации

### Засилувач

| | |
|---|---|
| AC-излезна моќност (RMS) | 40 W |
| AC-излезна моќност (максимално) | 80 W |
| Излезна моќност на батеријата | 15 W |
| Фреквенциски одговор | 50 Hz-20 KHz,-12 dB |
| Сигнал за размер на бучава | ≥ 65 dBA |
| Вкупна хармонска дисторзија | ≤ 10 % |

### Звучник

| | |
|---|---|
| Импенданца на звучник | 4 ohm |
| Осетливост | 91 dB ± 3 dB/m/W |

### УСБ

| | |
|---|---|
| Верзија за директно УСБ | 2.0, целосна брзина |
| Поддршка за полнење | 5 V, 1 A |

### Bluetooth

| | |
|---|---|
| Bluetooth-верзија | V5.0 |
| Опсег на фреквенција за Bluetooth | 2,402 GHz ~, 2,480 GHz ISM-опсег |
| Опсег за Bluetooth | 10m (слободен простор) |

Формат на емитување: SBC, емитување музика (A2DP),
Контрола на репродукција/јачина на звук: AVRCP
Поддршка за повеќебројни точки (повеќебројно спарување)

### Батерија

| | |
|---|---|
| Капацитет на батеријата | Вградена, со полнење 7,4 V 2,200 mAh |

### Општи информации

| | |
|---|---|
| AC-напојување | 100-240 V ~ 50/60 Hz |
| Мирување во економски режим со помала потрошувачка | ≤ 0,5 W |

### Димензии

| | |
|---|---|
| Главна единица (Ш x В x Д) | 309 x 460,5 x 322 mm |

### Тежина

| | |
|---|---|
| Главна единица | 6,95 kg |

## Одржување

Чистење на преградата

- Користете мека крпа, малку навлажнета со раствор од благ детергент.
  Не користете раствори што содржат алкохол, амонијак, бензен или абразиви.

# 12 Решавање на проблеми

## Внимание

- Никогаш не отстранувајте го куќиштето на оваа единица.

За да се одржи валидноста на Гаранцијата, никогаш не обидувајте се сами да го поправите системот.
Доколку наидете на проблеми при користењето на оваа единица, проверете ги следниве точки пред да побарате сервисирање. Доколку проблемот остане нерешен, отидете до веб-локацијата на Philips (www.philips.com/support).
Кога ги контактирате Philips, осигурете дека Вашата единица е во близина и дека се достапни бројот на моделот и серискиот број.

### Нема напојување

- Осигурете се дека приклучокот за наизменична електрична енергија (AC) на единицата е правилно поврзан.
- Осигурете се дека има напојување во штекерот за наизменична електрична енергија (AC).
- За да се заштеди енергија, единицата се префрлува во режим на мирување автоматски по 15 минути од завршувањето на емитувањето и нема примено команда.

### Нема звук

- Прилагодете ја јачината на звукот.

### Нема одговор од единицата

- Прекинете го поврзувањето на приклучокот за напојување со наизменична електрична енергија (AC), поврзете го повторно, па вклучете ја единицата.

### Не се прикажуваат некои датотеки во УСБ-уредот

- Бројот на папки или датотеки во УСБ-уредот надминал одредено ограничување. Оваа појава не претставува неисправност.
- Форматите на тие датотеки не се поддржани.

### УСБ-уредот не е поддржан

- УСБ-уредот е некомпатибилен со единицата. Обидете се со друг.

## Во однос на Bluetooth-уредот

### Квалитетот на аудиото е слаб по поврзување со уред со Bluetooth

- Приемот за Bluetooth е слаб. Поместете го уредот поблиску до овој производ или отстранете ги пречките помеѓу нив.

### Не може да се поврзе со уредот

- Функцијата за Bluetooth на уредот не е овозможена. Погледнете во прирачникот за корисникот на уредот за да дознаете како да ја овозможите функцијата.
- Овој производ е веќе поврзан со друг уред со Bluetooth. Прекинете ја врската за тој уред, па обидете се повторно.

### Спарениот уред постојано се поврзува, па го прекинува поврзувањето

- Приемот за Bluetooth е слаб. Поместете го уредот поблиску до овој производ или отстранете ги пречките помеѓу нив.
- Кај некои уреди, поврзувањето преку Bluetooth може да се деактивира автоматски како дел од одликата за штедење енергија. Ова не укажува на никаква неисправност со овој производ.

# 13 Известување

## Декларација за сообразност

Какви било измени или модификации направени на овој уред, а кои не се изречно одобрени од страна на MMD Hong Kong Holding Limited може да го прекинат овластувањето корисникот да ракува со опремата.

Овој производ е во сообразност со условите за пречки во радиокомуникацијата од Европската заедница.

Со ова, MMD Hong Kong Holding Limited изјавува дека овој производ е во сообразност

со основните услови и другите релевантни одредби од RED Directive 2014/53/EU

и UK Radio Equipment Regulations SI 2017 No 1206. Декларацијата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/support.

## Грижа за животната средина

**Фрлање на вашиот стар производ и батеријата**

Вашиот производ е дизајниран и произведен со висококвалитетни материјали и компоненти што може да се рециклираат и повторно да се употребат.

Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен со Европската директива 2012/19/EU.

Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени од Европската директива 2013/56/EU, и не смеат да се фрлаат заедно со општиот отпад во домаќинството.
Информирајте се за локалниот одделен систем на собирање за електрични и електронски производи и батерии. Почитувајте ги локалните прописи и никогаш не фрлајте го производот или батериите заедно со нормалниот отпад во домаќинството.
Точното фрлање на стари производи и батерии помага во спречувањето на негативните последици за животната средина и за човечкото здравје.

**Фрлање на батерии што се отстрануваат**

За да ги фрлите батериите што се отстрануваат, погледнете го делот за поставување на батеријата.

**Информации за животната средина**

Сето непотребно пакување е изоставено. Се обидовме да го направиме пакувањето лесно за одделување во три материјали: картон (кутија), полистиренска пена (тампон) и полиетилен (ќеси, заштитна пенеста фолија). Вашиот систем се состои од материјали што може да се рециклираат и повторно да се користат доколку се расклопени од специјализирана компанија. Ве молиме почитувајте ги локалните прописи во однос на фрлање на материјалите за пакување, истрошените батерии и стара опрема.

## Известување за трговски марки

Логоата и ознаката со зборот Bluetooth® се регистрирани трговски марки во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секаква употреба на таквите ознаки од страна на MMD Hong Kong Holding Limited е според лиценца. Другите трговски марки и трговски имиња се во сопственост на нивните соодветни сопственици.

Ова е апарат од КЛАСА II со двојна изолација и без обезбедено заштитно заземјување.

Modelo: PVX930

ANATEL

*Agência Nacional de Telecomunicações*

**08791-21-10947**

Para maiores informações, consulte a site da ANATEL: www.anatel.gov.br
Este equipamento não tem direito à proteção contra interferência prejudicial e não pode causar interferência em sistemas devidamente autorizados.
“Este produto contém a placa PVX930 código de homologação 08791-21-10947”

2021 © MMD Hong Kong Holding Limited. Сите права се задржани. Спецификациите се подложни на промена без известување.

Philips и Амблемот со штит на Philips се регистрирани заштитни марки на Koninklijke Philips N.V. и се употребуваат според лиценца. Овој производ е произведен од страна на и се продава под одговорноста на MMD Hong Kong Holding Limited или една од нивните подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е давателот на гаранција во однос на овој производ.

TAX3206_UM_V1.0